Рев. за соц. пол. год. 3 Бр. 5 Стр. 403 - 502, Скопје, јули 2010

## Вовед

Петтиот број на „Ревија за социјална политика" ја обработува темата - Здравјето, здравствената заштита и пристап до здравствените услуги во Македонија: искуства на корисниците. Гледано од аспект на реформите и промените во социјалната политика, во изминатите неколку години јавното здравство интензивно беше во фокусот на структурните промени, но сепак, ефектите од истите не се доволно истражени и афирмирани. Токму затоа, овој број на „Ревијата" се обидува да даде таков придонес, преку поголем број статии кои анализираат различни аспекти на јавното здравство и кои ги истакнуваат предизвиците со кои се соочуваат корисниците на јавните здравствени услуги.

Во тој контекст, првата статија дава акцент на приватизацијата на примарната здравствена заштита, како и други модели за подобрување на ефективноста и ефикасноста на користењето на здравствените ресурси (Милевска-Костова). Авторката истакнува некои од недоследностите во овој процес кои имаат негативни последици врз здравјето на населението, повикувајќи, притоа, дека новите иницијативи во здравството не треба да значат и менување на парадигмата за универзален пристап до висококвалитетни услуги, туку менување на мотивацијата како на приватниот, така и на јавниот сектор. Во продолжение, наредната статија (Лазаревиќ) ги анализира ефектите од најновите политики во доменот на здравството и, истовремено, предупредува дека намалениот придонес за здравство, намалувањето на приходите на Фондот за здравствено осигурување, воведувањето референтни цени и зголемувањето на приватната потрошувачка за лекови, го водат здравствениот систем кон финансиска неодржливост. Третата статија (Павловски) ги истакнува наодите од истражувањето спроведено во однос на сексуалното и репродуктивното здравје и права. Авторот укажува дека употребата на контрацепција и заштита при сексуални односи е на незадоволително ниво кај жените, покриеноста на жените со примарна гинеколошка здравствена заштита и со редовни превентивни гинеколошки прегледи со ПАП-брис е на недоволно ниво, како и недостатоци во опфатеноста на жените за време на бременоста и по породувањето, од страна на службата за поливалентна патронажа. Анализата на реформите во здравството е предмет и на четвртата статија, во која авторот (Трајков) го анализира процесот на децентрализација на службите за ментално здравје. Авторот заклучува дека паралелно со процесот на деинституционализација на психијатриските болници е потребно и: развивање и унапредување на формите на заштита на лицата со ментални растројства во заедницата; подобрување на условите за живот во заедницата; психијатриски служби насочени кон воспоставување потесни врски со корисниците во заедницата, истовремено со лесен пристап, зголемен квалитет на услуги и подобра социјална интеграција и намалување на стигмата.

Статијата во продолжение дава осврт на актуелниот моделот на долготрајна нега. Авторката (Димитриевска) покрај паралелата на меѓународните и домашните искуства, посочува низа проблеми и бариери во однос на пристапот до услугите за долготрајна нега во земјата. Како најважни бариери таа ги истакнува: недостатокот на информации за постојните услуги; неинформираноста на граѓаните за нивните права; физичката оддалеченост од здравствените центри и институции, особено за жителите на руралните средини, итн. Последната статија (Геровски) дава осврт на новините кои произлегуваат од Законот за заштита на правата на пациентите, меѓу кои се: советникот за заштита на правата на пациентите, комисиите за унапредување на правата на пациентите, употреба на информирана согласност и загарантирано второ стручно мислење.

Покрај авторските статии, „Ревија", како и секогаш, се обидува да даде подиректен увид во практиката. Во овој број, за искуствата на корисниците на здравствените услуги говорат: претставник на Организацијата на потрошувачи, како и претставник на невладината организација ХОПС. И двете интервјуа даваат доста интересни согледувања во однос на проблемите, поплаките и искуствата кои ги имаат пациентите.

На крајот, се дава осврт на збир од поважни настани, како и публикации кои беа актуелни во изминатиот шестмесечен период.

Се надеваме дека и овој број на „Ревија" ќе предизвика интерес како кај стручната публика, така и кај останите читатели кои преку севкупниот производ од „Ревија" можат многу подобро да ги осознаат и продлабочат своите знаења за правата и можностите во здравствениот систем.

Маја Геровска Митев, д-р

Уредник на „Ревијата"